РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4262/4 (2022)

07-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 87-та седница одржана на ден 01.06.2023 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-4262/1 од 28.04.2022 година, оформен по пријава со наводи за организирање ифтарска вечера од страна на Министерот за ------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите од пријавата не се потврдени.

Предметот со број 12-4262/1 од 28.04.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 28.04.2022 година, поднесена е пријава со наводи за организирање ифтарска вечера од страна на Министерот за ----------------- и оформен е предмет број 12-4262/1 од 28.04.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека Министерот за ------------ организира ифтарска вечера во хотел и бара од ДКСК да утврди кој го плаќа истото.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на информации од Министерството за -----------------, од каде што е доставено известување дека Министерството нема користено буџетски средства за организирање и плаќање на ифтарски вечери.

Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите од пријавата не се потврдени, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**